# длуђ 2006

ДРУШТВО НА ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ - БИТОЛА





СЕПТЕМВРИ 2006
Н.У. ЗАВОД И МУЗЕЈ - БИТОЛА

ОКТОМВРИ 2006
Н.У. ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ - ПРИЛЕП



Континуитативната репрезентација на избрани годишни остварувања на уметниците од друштвото ја резултира оваа експозиција, како еден вид резиме на актуелните текови на битолската ликовна сцена, но и пошироко, на македонската, со присуството и на уметници - гости. И она на што гледачот наидува е импозантен преплет на - експресионистичка сила, импресионизиран реализам, апстрактна поетика, симболика, игра со линијата, лирска деликатност, надреалистичка, нестварна фантастика и концептуална интервенција - стилистички ориентации на уметничките идентитети, со истанчен цртачки и колористички мулти медиа израз. Илија Кочовски е присутен со неговото истражување на полето на женскиот акт - извонреден лирски предизвик на елеганција, грациозност и страст. Борислав Талевски со експресивна, реалистичка постапка презентира цврсто градени, масивни женски актови, не заборавајќи ја ролјата на жената - девојка, но и жената - мајка. За ролјата на жената во домот говорат и вештите прсти на Добринка Трајковска во нејзините таписерии. Павле Кузмановски осцилира меѓу поетски импресионизиран реализам во портрет на девојка и жесток експресионистички колорит во мртва природа со цвеќе. Касиопеја Наумовска презентира необично извиени женски актови, со темен тен и акцент на украсните детали, а Лидија Саздовска третира фигури во силовити деформации. Владе Котевски концептуално интервенира во своите мртви природи со овошје (јаболко) аранжирано во композиција, а Васил Костов во своите асамблажи-слики, внимателно манипулирајќи со гранчиња од дрво. Фолклорно-социјални обележја на родниот крај со експресивни потези на четката презентира Владимир Младеновски, додека Драган Најденовски во своите лирски, асоцијативно апстрактни пејзажи, тежиштето на колористичкиот витализам го насочува во дефинирано, централно, композиционо решение, прекршено со геометризам, за Неда Петковиќ и Љубица Мешкова Солаковска да не вратат повторно во убавините на реалноста преку природни поединости - сончогледи и цветни аранжмани. Во светот на религиозните тајни не упатуваат Димитар Кочевски Мичо - преку динамични и немирни споеви на апстрактно асоцијативни и стварни мотиви (ликови на ангели) во концептуални рамки, а идејата на Драги Хаџиниколов лежи во црквениот инвентар (кандило) и пишаниот збор. Истражување на линијата во апстрактни склопови и одредена симболика како основа за изразување на сопствениот темперамент, среќаваме кај Кирил Гегоски и Трајче Блажевски, додека геометриско упростување на облиците во шематизирани композиции со атмосфера на симболика има кај Оливера Лазаревска - Оља. Апстрактни фантазмагории со надреални елементи, откривајќи го постанокот на светот и дрвото на животот што ги поврзува небото и земјата - презентира Татјана Манева. Тоа е визуелна интерпретација на уметнички искуства збрани на едно место и во еден простор што одразуваат различности но и хармонично се надополнуваат.

Гордана Цветанова

# БЛАЖЕВСКИ ТРАЈЧЕ

ул. Никола Тесла бр. 14/1-1 Скопје. Тел.: 02 3222 841


„ПРИВИДЕНИЕ" - комбинирана техника 70 x 50 см



ГЕГОСКИ КИРИЛ
ул. Зеленик бр. 2/3, Прилеп. Тел.: 048 418 311

„ПРЕДЕЛ" - сува игла 70 x 50 см



# КОСТОВ ВАСИЛ

ул. Боца Иваноска бр. 7 Прилеп. Тел.: 048 424 593

„ФЕНИКС I" - лепило 60 x 40 см
„ФЕНИКС II " - лепило 39,5 x 39,5 см
„ФЕНИКС III " - лепило 25 x 25 см



# КОТЕВСКИ ВЛАДЕ

ул. Христо Узунов бр. 17, Битола. Тел.: 047 226 039


„МРТВА ПРИРОДА I" - масло на платно 40 x 45 см
„МРТВА ПРИРОДА II" - масло на платно 40 x 35 см
„МРТВА ПРИРОДА III" - масло на платно 40 x 35 см



# КОЧЕВСКИ ДИМИТАР- МИЧО

ул. Пецо Божиновски бр. 46/2-7 Битола. Тел.: 047 220 575

„ИГРА НА АНГЕЛОТ" - акрилик на платно 70 x 90 см
„НАЛИК НА БОГ " - акрилик на платно 81 x 81 см



# КОЧОВСКИ ИЛИЈА

ул. Владимир Бакарич бр. 50, Битола. Тел.: 075 452 059


„АКТ" - масло на платно 38 x 60 см



# КУЗМАНОСКИ ПАВЛЕ

ул. Димо Гавревски - Кара бр. 84а Тетово. Тел.: 044 332 520

„ЛИМОН СО СИНА ВАЗА И ЦВЕЌЕ" - масло на платно 50 x 60 см

„ДЕВОЈКА " - комбинирана техника 49 x 69 см



# ЛАЗАРЕВСКА ОЛИВЕРА - ОЉА

ул. Иван Милутиновиќ бр. 15/14, Битола. Тел.: 075 532 488


„ТРАГИ ОД МИНАТОТО“ - масло на картон
„ПРОСТОР И ВРЕМЕ“ - масло на картон



# МАНЕВА ТАТЈАНА

ул. Никола Тримпаре бр. 24/3-5 Скопје. Тел.: 02 32 38 269


„ВИОЛА (ОКТОМВРИ)“ - акрилик на платно 45 x 80 cм
„VERVE (МАРТ) - акрилик на платно 80 x 50 cм



# МЕШКОВА ЉУБИЦА - СОЛАК

ул. Цар Самоил бр. 120, Битола. Тел.: 071 815 903

„МРТВА ПРИРОДА I" - масло на платно 46 x 61 см
„МРТВА ПРИРОДА II" - масло на платно 50 x 50 см



# МЛАДЕНОСКИ ВЛАДИМИР

с. Подгорци - Струга. Тел.: 046 798 870

„НОСТАЛГИЈА ЗА МОЈОТ КРАЈ" - масло на платно 38,5 x 53,5 см



# НАЈДЕНОВСКИ ДРАГАН

ул. Солунска бр. 216г, Битола. Тел.: 075 627 106

„ПРЕДЕЛ 607" - масло на платно 40 x 50 см
„ПРЕДЕЛ 622" - масло на платно 50 x 40 см



# НАУМОВСКА КАСИОПЕЈА

ул. Драгиша Мишовиќ бр. 12/16, Скопје. Тел.: 02 30 72 988

„ПОПЛАДНЕ" - масло на платно 50 x 70 см



# ПЕТКОВИЌ НЕДА

ул. Скоевска бр. 143а, Скопје. Тел.: 02 26 72 439


„СОНЧОГЛЕДИ" - масло на платно 60 x 50 см

„ЦВЕЌЕ" - масло на платно 30 x 25 см



# РАЛЕВСКА СЛАВИЦА

ул. Нико Фундали бр. 20/13, Битола. Тел.: 070 768 795

„СВЕТО БЛАГОВЕШТЕНИЕ" - темпера 35 x 41 см



# САЗДОВСКА ЛИДИЈА

ул. Васил Ѓоргов бр. 26/42, Скопје. Тел.: 02 32 12 518

„АДОЛЕСЦЕНТИ II" - комбинирана техника 30 x 40 см



# ТАЛЕВСКИ БОРИСЛАВ

ул. Стерјовски Ѓорѓи - Џоџа бр. 24а/4, Битола. Тел.: 047 256 348

„МАЈЧИНСТВО" - пастел 66 x 75,5 см
„БУДЕЊЕ" - пастел 66 x 75,5 см
„ТРИ ГРАЦИИ" - пастел 66 x 75,5 см



# ТРАЈКОВСКА ДОБРИНКА

ул. 4. Јули бр. 14, Битола. Тел.: 047 253 818


„ЗАЛЕЗ" - тaписерија 40 x 86 см



# ХАЏИ-НИКОЛОВ ДРАГИ

ул. Ѓорче Петров бр. 1, Гевгелија. Тел.: 043 419 377

„ЕТНО III“ - масло на платно 65 x 80 см






ИЗДАВАЧ:
ДРУШТВО НА ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ - БИТОЛА

ЗА ИЗДАВАЧОТ:
КОЧЕВСКИ ДИМИТАР - МИЧО

ДИЗАЈН:
КОЧЕВСКИ ДИМИТАР - МИЧО

ФОТО:
ДИМИТАР СОЛАКОВСКИ И АВТОРИТЕ

ТЕХНИЧКА ПОДГОТОВКА:
ОРТОГРАФ

ПЕЧАТИ:
ПЕЧАТНИЦА АНС - БИТОЛА

ТИРАЖ:
300 П.

ДРУШТВО НА
ЛИКОВНИ
УМЕТНИЦИ
БИТОЛА